**ЗАПИСНИК**
**од осмата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 26.04.2022 година**

На осмата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 19 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колку што брои Советот. .

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: **Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија и Катарина Карајанова Аризанова вработена во општината .**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори осмата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави записникот од седмата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од седмата седица и **Советот едногласно го усвои.**

**Тодор Ристов член на Совет** даде процедурални забелешки околу начинот на свикувањето и одржувањето на оваа седницата и смета дека оваа седница неможе да биде редовна бидејќи не се запазени сите рокови .Добиено е известување на 20.04.2022 околу 15 часот дека заради одредени рокови мора да се одржи вонредна седница наредниот ден и сите советници мораа да се организираат за да бидат присутни за да може да се одржи седницата и наредниот ден во 8 и 40 се доби ново известување дека истата седница се одлага за 26.04.2022 и од вонредна истата станува редовна а тоа не е согласно Деловникот на Советот на општина Гевгелија . Таквата неорганизираност не треба да продолжи во иднина и токму поради тоа советникот реагира процедурално и смета дека оваа седница што ќе се одржи денеска спаѓа во доменот на вонредни седници бидејќи не се испочитувани роковите.Од службите се добиени две решенија за седница едно за вонредна едно за редовна со ист архивски број и тоа не е во ред. Исто така од аспект на точките на Дневен ред истите тие немаат карактер на вонредност каде што во членот 32 од Статутот убаво е укажано во кои услови се свикува вонредна седница.Советникот смета

дека овие точки секој советник ќе ги подржи бидејќи се за интерес на граѓаните на општината но мора како Совет да се функционира според актите кои што се донесени. При вакви случувања потребно е најпрво да се има кординација со советничките групи на сите политички партии и во иднина таквиот начин на работа на Советот не треба да продолжи.Советникот предложи претседателот да направи консултација со службите и да се одлучи дали оваа седница ќе продолжи како вонредна или како редовна бидејќи не ги исполнува условите за редовна седница.

**Петар Апостолов член на Совет** даде констатација дека се сложува со претходниот дискутант но неговата дискусија е задоцнета бидејќи кога има вонредна седница освен точките на Дневен ред ништо друго не се дискутира а веќе е усвоен Записникот од 7-та седница па токму поради овие причини е недозволиво оваа седница да биде вонредна.

**Патрик Мат Претседател на Совет** по конултацијата со правната служба и советниците образложи дека оваа седница ќе продолжи како редовна и ги извести советниците дека седницата беше одложена по сопствена иницијатива од здравствени причини .

За работа на осмата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект за „Изградба на зафатна градба, пумпна станица и доводен цевковод до постоечки резервоар во село Ума, Општина Гевгелија”,

2.Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект за „Реконструкција на младински дом во село Богородица, општина Гевгелија”,

3.Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за санација, конзервација и реставрација на објект Училишна зграда во село Конско – Гевгелија,

4.Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за поставување на урбана опрема - контејнери и канти за рециклирање на отпад во градот Гевгелија,

5.Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за поставување на урбана опрема за детски игралишта во селата Негорци, Прдејци и Богородица, општина Гевгелија.

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави Дневниот ред на освојување и **Советот со 12 гласа за и 7 не гласале го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект за „Изградба на зафатна градба, пумпна станица и доводен цевковод до постоечки резервоар во село Ума, Општина Гевгелија”.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект за „Изградба на зафатна градба, пумпна станица и доводен цевковод до постоечки резервоар во село Ума, Општина Гевгелија”.

**Во расправата по точките учествуваа: Катарина Карајанова Аризанова вработена во општината и Миле Атанасов член на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект за „Изградба на зафатна градба, пумпна станица и доводен цевковод до постоечки резервоар во село Ума, Општина Гевгелија” и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 2. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект за „Реконструкција на младински дом во село Богородица, општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект за „Реконструкција на младински дом во село Богородица, општина Гевгелија

**Во расправата по точките учествуваа: Катарина Карајанова Аризанова вработена во општината и Тодор Ристов член на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект за „Реконструкција на младински дом во село Богородица, општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 3. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за санација, конзервација и реставрација на објект Училишна зграда во село Конско – Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за санација, конзервација и реставрација на објект Училишна зграда во село Конско – Гевгелија.

**Во расправата по точките учествуваа: Катарина Карајанова Аризанова вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за санација, конзервација и реставрација на објект Училишна зграда во село Конско – Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 4. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за поставување на урбана опрема - контејнери и канти за рециклирање на отпад во градот Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за поставување на урбана опрема - контејнери и канти за рециклирање на отпад во градот Гевгелија.

**Во расправата по точките учествуваа: Катарина Карајанова Аризанова вработена во општината, Билјана Демерџиева член на Советот и Андон Сарамандов Градоначалник на општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за поставување на урбана опрема - контејнери и канти за рециклирање на отпад во градот Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 5. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за поставување на урбана опрема за детски игралишта во селата Негорци, Прдејци и Богородица, општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за поставување на урбана опрема за детски игралишта во селата Негорци, Прдејци и Богородица, општина Гевгелија.

**Во расправата по точките учествуваа: Катарина Карајанова Аризанова вработена во општината, Александар Пандовски ,Тодор Ристов членови на Советот и Андон Сарамандов Градоначалник на општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на Проект за поставување на урбана опрема за детски игралишта во селата Негорци, Прдејци и Богородица, општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори осмата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Патрик Матх**